22588

Вечер, 17, XI. 1975 г.

# Музичко-поетска и ликовна средба

**• ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА ОД УЧЕНИЦИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ**

**Вчера претпладне во аулата на Економскиот факултет, во организација на основните организации на музичка младина при Економскиот факултет, Училиштето за применета уметност и Училиштето за внатрешни работи, се одржа прва музичко — поетска и ликовна средба со што се одбележа Светскиот ден на младината и 30-годишнината од победата над фашизмот.**

Во музичкиот дел настапи хорот „Кочо Рацин“, а членовите на Литературната секција при Музичката младина при Економскиот факултет рецитираа стихови од револуционерната поезија на авторите Каровски, Шопов и Конески. По програмата беше отворена изложба на околу 30 дела (слики, графики, скулптури, тапиserии и керамика) од учениците од Училиштето за применета уметност.

По изведувачкиот дел беше одржана средба на претставниците на основните организации на музичка младина на Скопје, младинските организации на Универзитетот „Кирил и Методиј“, претставници на музичката младина од Училиштето за применета уметност и Училиштето за внатрешни работи. На средбата беа зацртани основните форми на заемна соработка на културен план, како и заеднички да подготват пригодна програма по повод прославата на 29 Ноември, Денот на Републиката.

О. Ј.